ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2018 07 6/2

Скопје, март 2019

# Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 13 |
| **Финансиски извештаи за 2017 и 2016 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 14 |
| Биланс на состојба | 15 |
| Преглед на промени на извори на капитални средства | 16 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 17 - 19 |
| Сметководствени политики | 19 - 22 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 22 - 30 |

Прилог:
- Преглед бр. 1

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Број:** 13-190/8

**Дата:** 26.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (637), за 2017 година.

За финансиските извештаи за 2017 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Велес изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Извршена е ревизија за 2009 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (637), во кој е изразено мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и позитивно мислење во делот на усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2009 година на сметката на основен буџет (637) на Општина Велес, е извршена во јануари 2011 година при што е констатирано дека една од препораките е спроведена, една е во тек на спроведување, а една препорака не е спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Велес, сметка на основен буџет (637), за 2017 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- ангажирани се работници во општината преку Агенција за привремени вработувања кои не се за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности, туку за вршење на редовни работни задачи, што не е во

согласност со одредбите од Законот за агенциите за привремените вработувања;

- пописот на обврските спрема добавувачите не е во согласност со законската регулатива и не е извршен попис на материјалните средства во подготовка;
- на сметката Материјални средства во подготовка со состојба на 31.12.2017 година е искажан износ од 241.897 илјади денари. Дел од истиот потекнува од минати години (2011 до 2017), а од страна на надлежните во општината не се преземени активности за утврдување на фактичката состојба и потребата од евентуално евидентирање на сметките за градежни објекти или опрема;
- за локалните улици и патишта кои се надлежност на општината не е извршено разграниченување на горниот слој (асфалт и слично), односно не е евидентирана посебно набавната вредност на истиот, поради што и не се пресметува амортизација;
- не се води материјална и сметководствена евиденција за набавката и давањето во употреба на материјалите (канцелариски материјали, материјали за АОП, униформи, обувки – за ТППЕ, прехрамбени продукти и пијалоци, средства за одржување хигиена и други материјали, огревни дрва, јаглен нафта за греење);
- за реализација на Манифестацијата „ Фестивал на питите и виното " од средствата на буџетот на општината се планирани средства во вкупен износ од 4.000 илјади денари, а потрошени се 6.076 илјади денари, односно потрошени се 2.076 илјади денари повеќе од планираните средства со буџетот. За реализација на оваа манифестација нема посебен извештај со наративен опис на реализираните активности и финансиски податоци за потрошените средства за секоја поединечна активност;
- не се почитувани во целост одредбите од Законот за јавни набавки при спроведување на постапките за набавка на стоки, работи и услуги.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.

Од страна на одговорното лице на Општина Велес, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 14 до 16 и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (637), за 2017 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2017 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2009 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Велес, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и позитивно мислење во делот на усогласеност со закони и прописи.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Славчо Чадиев, градоначалник на Општина Велес од 17.04.2013 година до 18.10.2017 година;
- Аце Коцевски, градоначалник на Општина Велес од 19.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на општината, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17.10. до 28.12.2018 година, кај Општина Велес, од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова - помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски - раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Петре Гаврилов - самостоен ревизор и овластен државен ревизор,
- Биљана Сурлевска - виш ревизор и овластен државен ревизор,
- Маја Михајлов – помлад ревизор и
- Халит Рамадани - помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2009 година на Општина Велес е извршена во 2011 година, при што е констатирано дека препораките делумно се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 21.01.2019 година.
Од страна на одговорното лице на Општина Велес, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Од позицијата Привремени вработувања во текот на 2017 година исплатени се средства во вкупен износ од 8.986 илјади денари за привремено отстапени лица на општината од Агенција за привремени вработувања. Со увид во приложената документација за привремените вработувања во Општина Велес ревизијата констатира дека во 2017 година бројот на лица ангажирани преку Агенцијата за привремени вработувања се движи од 27 до 38 лица, при што:

- истите се отстапени за извршување на работни задачи за работни места кои не се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на Општина Велес;
- не се ангажирани за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности и
- исти лица се ангажираат за извршување на работни задачи за исто работно место за период подолг од една година.

Претходно наведената состојба не е во согласност со одредбите од членот 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања според кој агенцијата за привремени вработувања може врз основа на договор за отстапување на работникот, да отстапи работник на друг работодавач корисник за вршење на привремени работи во случај на: замена на привремено отсутен работник; привремено зголемен обем на работа; сезонска работа; работа на проект; специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник.
Договор за отстапување на работник за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата, но не подолго од една година.
Агенцијата за привремени вработувања не смее да отстапува работник за вршење на исти работи кај ист работодавач без прекин или со прекин подолго од една година.

Во текот на 2017 година не се преземени мерки и активности за пополнување на испразнетите работни места согласно актите за организација и систематизација на работите и задачите во општината и законски пропишаната рамка.

Привремените вработувања во општинската администрација кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и

нивна повластена положба во постапката на нивното ангажирање и тренд на пораст на број на вработени лица во општината по разни основи.

**Препораки:**
Градоначалникот на Општина Велес да преземе мерки и активности и тоа:

- ангажирањето на работници преку Агенција за привремено вработување, да го врши само во случаите за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности и
- пополнувањето на неопходните работни места односно постапката за редовни вработувања во општината, да ги врши во согласност со актот за организација и систематизација почитувајќи ги одредбите и постапката за вработување пропишани со Законот за административни службеници и Законот за работни односи.

4.1.2. Од извршениот увид со сметководствената евиденција и документација, ревизијата констатира дека во 2017 година евидентирани се трошоци и исплатени се средства во висина од 12.576 илјади денари на граѓански организации за реализирање на активности согласно годишни Програми за активности на ЕЛС Велес од областа на културата, спортот социјалната и здравствената заштита, при што:

- не е донесен Правилник за начинот на распределба на средствата до субјектите корисници за реализација на активностите предвидени со програмите од соодветната област и
- избраните субјекти, корисници на средствата не се објавуваат на веб страната на општината.

Ваквата состојба не е во согласност со член 49 од Законот за здруженија и фондации и член 22-а од Законот за спортот и истата доведува до субјективизам и нетранспарентност при постапката на доделување на парични средства за реализација на програмските активности. Во 2018 година донесени се Критериуми за прибирање предлози за креирање на програмите за активностите на Општина Велес за 2019 година и поради тоа ревизијата не дава препорака.

4.1.3. Советот на Општина Велес донел Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2017 година, со која за реализација на Манифестацијата „ Фестивал на питите и виното “ од средствата на буџетот на општината се планирани 4.000 илјади денари, а потрошени се 6.076 илјади денари, односно 2.076 илјади денари повеќе од планираните средства со буџетот. За реализација на оваа манифестација (музички настапи на домашни и странски естрадни уметници и групи, изнајмување на техничка опрема, озвучување, осветлување, угостителски услуги, хотелско сместување, обезбедување и др.), нема

посебен извештај со наративен опис на реализираните активности и финансиски податоци за потрошените средства за секоја поединечна активност. Вака утврдените состојби не се во согласност со член 26 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и член 37 и 37-в став 1 и став 2 од Законот за буџетите.

Врз основа на напред наведеното, ревизијата не можеше да се увери во наменското користење на средствата, а трошењето на буџетски средства повеќе од планираните има за ефект ненаменско трошење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните служби на крајот на годината да изготвуваат посебен извештај за потрошените средства за реализација на манифестациите и тоа со наративни и финансиски податоци за секоја поединечна активност, согласно програмата.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Во врска со пописот на средствата и обврските на Општина Велес, ревизијата утврди дека:

- пописот на обврските не е извршен во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, односно комисијата за попис не го утврдила правниот основ за постоење на обврските, не потврдила дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги утврдила причините за неплатените обврски спрема добавувачите;
- не е извршен попис на обврските по долгорочни кредити и заеми;
- не е извршен попис на состојбата на материјалните средства во подготовка искажани во сметководствената евиденција и Билансот на состојба, што не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и
- не е извршен попис на краткорочните побарувања и побарувањата од вработените.

Во текот на ревизијата дадени се податоци за тоа по кој основ и од кои субјекти се побарувањата;

Нецелосното извршување на пописот, согласно позитивните законски и подзаконски прописи, придонесува за нереално искажување на состојбите во сметководствената евиденција и Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските на начин регулиран со позитивните законски и подзаконски прописи.

4.2.2. На сметката Материјални средства во подготовка со состојба на 31.12.2017 година е искажан износ од 241.897 иљади денари. Дел од истиот потекнува од минати години (2011 до 2017), а од страна на надлежните во општината не се преземени активности за утврдување на фактичката состојба и потребата од евентуално прекнижување од оваа сметка на сметките за градежни објекти или опрема, во зависност од тоа за каков вид на материјални средства во подготовка се работи. Поради тоа постои ризик од нереално искажување на состојбите на материјалните средства во финансискиот извештај, Биланс на состојба.

**Препорака:**

Надлежните од општината (одделението за комунални работи) да ја утврди фактичката состојба на Материјални средства во подготовка, да утврди дали истите се целосно завршени и дадени во употреба со потребната документација и на основа тоа да достави документација/извештај до одделението за финансиски прашања за соодветно евидентирање.

4.2.3. За локалните улици и патишта кои се надлежност на општината не е извршено разграниченување на горниот слој (асфалт и слично), односно не е евидентирана посебно набавната вредност на истиот. Поради тоа не се пресметува амортизација на горниот слој на истите, што не е во согласност со членот 24 став 1 точка 5 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници, според кој пресметувањето на амортизацијата не се однесува на долниот строј кај железничките и другите пруги, долниот строј на патиштата, аеродромите, улиците, плоштадите, парковите и другите изградени јавни површини. Ефект од наведената состојба е нереално искажана состојба на материјалните средства.

**Препорака:**

Надлежните од секторот за урбанизам да извршат разграничување на горниот од долниот строј на улиците (асфалт и слично), односно утврдување на набавната вредност на истиот, на која вредност надлежните од секторот за финансиски прашања треба да пресметуваат амортизација.

4.2.4. Во сметководствената евиденција за 2017 година спроведени се книжења врз основа на Одлука за отпис на основни средства (опрема) и ситен инвентар по пописот за 2016 година со вкупна набавна вредност од 11.518 иљада денари, исправка на вредноста од 11.479 иљади денари и сегашна вредност од 39 иљади денари. Евидентирањето на отпис на основните средства кои произлегува од

пописот за 2016 година и се однесува за таа година, а е евидентиран во наредна година, не е во согласност со одредбите од членот 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој Извештајот за извршениот попис заедно со актот на одговорното лице на буџетите и буџетските корисници за активностите преземени согласно член 34 од овој правилник се доставуваат до организациониот облик задолжен за водењето на сметководството и деловните книги заради евидентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, најдоцна дваесет дена пред крајниот рок пропишан за доставување на завршната сметка. Причина е што Одлуката по извештајот за пописот е донесена на седница на Советот на Општина Велес одржана на 27.02.2017 година и истата во сметководството е спроведена на состојбите на опремата и ситниот инвентар за 2017 година, а не за 2016 година. Поради непостапување согласно претходно наведеното нереално е искажана состојбата на материјалните средства и ситниот инвентар, односно во поголем износ во сметководството и Билансот на состојба за 2016 година, која како таква е пренесена како почетна состојба за 2017 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината како одговорно лице, да преземе активности надлежните органи и служби навремено да ги изготвуваат актите во врска со годишниот попис и истите навремено да ги доставуваат до организациониот облик задолжен за водењето на сметководството, заради нивно евидентирање за годината за која се однесуваат.

4.2.5. Не се води материјална и сметководствена евиденција за набавката и давањето во употреба на материјалите (канцелариски материјали, материјали за АОП, униформи, обувки – за ТППЕ, прехрамбени продукти и пијалоци, средства за одржување хигиена и други материјали, огревни дрва, јаглен нафта за греење) за кои во 2017 година е направен расход во износ од 3.612 илјади денари. Не водењето евиденција не е во согласност со членот 4 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 28 од Правилникот за содржината на поодделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Лицето кои ги набавува материјалите го потврдува нивниот прием на испратницата од добавувачите. Не се изготвуваат приемници при приемот на истите и не се евидентираат во материјална евиденција, бидејќи таква во општината и не е воспоставена, а документацијата за набавката се евидентира само како обврска за плаќање и расход кога за истата се врши плаќање. Не се изготвуваат требувања од поодделните одделенија и служби на општината, не се издаваат документи за издадените материјали и во сметководството не се евидентираат овие промени на соодветните сметки пропишани со сметковниот план за буџетите и буџетските корисници, освен за давањето во употреба на униформите и обувките за потребите на ТППЕ при што се изготвува реверс за задолжување.

Неевидентирањето на приемот и издавањето на материјалите во сметководството придонесува да се нема увид во нивната состојбата, не се врши попис и споредба на фактичката со сметководствената состојба и со тоа се создава можност за ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да преземе активности и да го задолжи лицето за приемот на набавените материјали да изготвуваат приемници, а за издавањето издатница/требување, истите да се евидентираат во материјална евиденција во магацин, а надлежните во сметководството врз основа на тие документи да воведат сметководствена евиденција за состојбата, приемот и издавањето на канцелариските материјали, материјали за АОП, за хигиена, прехрамбени артикли и другите материјали.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. Во 2017 година од искажаните расходи за репрезентација по основ на извршени угостителски услуги, дел од фактурите во износ од 533 илјади денари на кои ревизијата изврши увид, не се поткрепени со целосна и соодветна документација, спецификации за направените расходи, ниту пак е наведено за кој повод се однесуваат направените трошоци, односно дали истатите се потрошени за службени цели. Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 37 - в став 3 од Законот за буџетите, каде е пропишано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистините и уредни сметководствени документи. Ефект од ваквото постапување е искажување расходи без соодветна сметководствена документација и не дава уверување за реалноста и објективноста на направените расходи.

**Препорака:**
Трошоците за репрезентација по основ на угостителски услуги, да се засноваат на веродостојна документација во која ќе биде наведен поводот и целта за која е извршена услугата.

4.3.2. Во текот на 2017 година извршени се набавки во вкупен износ од 1.515 илјади денари без да се спроведат соодветни постапки за јавна набавка што не е во согласност со член 11 и 28 од Законот за јавни набавки. (Прилог 1).
Плаќањата за набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка ги нарушува основните принципи на Законот за јавни набавки кој налага конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на

доделување на договори за јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

**Препорака:**

Да се почитуваат во целост одредбите од Законот за јавни набавки при што за набавките чија вредност е поголема од 500 евра во денарска противвредност да се спроведуваат соодветни постапки за доделување на договори за јавни набавки.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.1., 4.2. и 4.3. се тоа дека лица ангажирани преку Агенцијата за привремени вработувања не се ангажирани за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности и исти лица се ангажираат за извршување на работни задачи за исто работно место за период подолг од една година, изборот на субјектите и висината на средствата кои им се доделени од општинскиот буџет за реализација на активности од областа на културата, спортот социјалната и здравствената заштита, се без донесен Правилник за начинот на распределба на средствата до субјектите корисници за реализација на активностите предвидени со програмите од соодветната област и избраните субјекти, корисници на средствата не се објавуваат на веб страната на општината, за реализација на оваа манифестација „Фестивал на питите и виното" нема посебен извештај со наративен опис на реализираните активности и финансиски податоци за потрошените средства за секоја поединечна активност, а се однесува на неусогласеност со закони и прописи, нереалното прикажување на податоците во Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи и има за ефект намалување на квалитетот на информациите кој ги даваат финансиските извештаи и набавки без спроведени постапки за јавна набавка.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Велес на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Ревизорски тим:
1. ____________
2. ____________
3. ____________
4. ____________

Овластен државен ревизор
____________

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Велес за 2017 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на надлежните од Општина Велес прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- на сметката за Материјални средства во подготовка и Пасивни временски разграничувања извршено е евидентирање на помалку евидентиран износ од 857 илјади денари и
- на сметката Државен капитал и Градежни објекти спроведено е книжење со кое е извршено намалување на евидентираната состојба за износ од 8.478 илјади денари.

Евидентирањето е извршено со налог за книжење број 0022 од 13.12.2018 година. Ревизијата, прифатените корекции од страна на Општина Велес, ги инкорпорира во финансискиот извештај - Биланс на состојба за 2017 година.

Име на субјект Општина Велес
Сметка на основен буџет (637) Општина Велес
# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 206.406 | 228.623 |
| **Вкупно приходи** | | **206.406** | **228.623** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 36.331 | 36.130 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 760 | 1.915 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 91.152 | 80.829 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 5 | 69 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 26.711 | 20.646 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 89 | 571 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **155.048** | **140.160** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 43.060 | 80.165 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **43.060** | **80.165** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | 8.298 | 8.297 |
| **Вкупно расходи** | | **206.406** | **228.622** |

Образложенијата од страна 17 до 30 се составен дел на финансиските извештаи

Име на субјект Општина Велес

Сметка на основен буџет (637) Општина Велес

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2017

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 4 | 17 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 16 | 51 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 121.374 | 108.464 |
| **Вкупно тековни средства** | | **121.394** | **108.532** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 4.325 | 3.389 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 699.579 | 668.990 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 242.755 | 224.607 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 37.339 | 45.636 |
| **Вкупно постојани средства** | | **983.998** | **942.622** |
| **Вкупна актива** | | **1.105.392** | **1.051.154** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 118.562 | 105.524 |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 0 | 12 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 23 | 22 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.3. | 40 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 2.750 | 2.906 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 242.773 | 224.674 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **364.148** | **333.138** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4 | 37.339 | 45.636 |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 703.905 | 672.380 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **703.905** | **672.380** |
| **Вкупна пасива** | | **1.105.392** | **1.051.154** |

Образложенијата од страна 17 до 30 се составен дел на финансиските извештаи

Име на субјект Општина Велес
Сметка на основен буџет (637) Општина Велес

# ПРЕГЛЕД
# НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | **672.380** | **-** | **672.380** |
| **Зголемување по основ на:** | - | | |
| Набавки | 67.752 | | 67.752 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 27.749 | | 27.749 |
| Други намалувања | 8.478 | | 8.478 |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **703.905** | | **703.905** |

Образложенијата од страна 17 до 30 се составен дел на финансиските извештаи

# 1. ВОВЕД

## Дејност

Општина Велес е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на Општината.

Општина Велес е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко планирање, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата;
3. Локален економски развој;
4. Комунални дејности;
5. Култура;
6. Спорт и рекреација;
7. Социјална заштита и заштита на децата;
8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта во соработка со централната власт;
9. Здравствена заштита;
10. Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра;
11. Противпожарна заштита;
12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност, и
13. Други работи определени со закон.

Општина Велес брои 57.514 жители, територијата на општината е 427,45 км2, број на населени места/села 30. Ден на општината е 8 Ноември
Општина Велес како единица на локалната самоуправа има својство на правно лице со седиште на ул. Панко Брашнар бр. 1, Велес.

Органи на општина Велес се: советот составен од 23 члена и градоначалникот, кои се избираат за период од четири години.

## Организациона поставеност

Општинската администрација на Општина Велес е организирана во сектори, одделенија и територијална противпожарна единица и тоа:

**Сектор за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки, информатичка технологија и поддршка на градоначалникот, во чиј состав се:**

- Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
- Одделение за јавни набавки
- Одделение за јавни дејности

- Одделение за информатичка технологија
- Одделение за поддршка на градоначалникот

**Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграција и локален економски развој, во чиј состав се:**

- Одделение за урбанизам
- Одделение за заштита на животната средина
- Одделение за комунални работи и сообраќај
- Одделение за евроинтеграции и локален економски развој

**Самостојни одделенија**

- Одделение за инспекциски надзор
- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Одделение за финансиски прашања и
- Територијална противпожарна единица

**Интерни акти**

Основен акт на Општина Велес е Статутот на општината со кој се уредуваат прашањата за организација и работа на органите на општината, а кој согласно Законот за локална самоуправа е донесен на седницата на Советот од 15.06.2006 година.

Организационата поставеност на субјектот е на основа Одлука за организацијата, делокругот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес бр. 25-2869/3 од 12.06.2018 година за која има писмена согласност од Агенцијата за администрација на Република Македонија бр. 12/6-1199 од 26.06.2018 година. Со влегување во сила на оваа Одлука престанала да важи Одлуката за организацијата, делокругот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес бр. 27-7373/6 од 29.12.2015 година, според која идентична е организационата поставеност како и во одлуката од 2018 година

Градоначалникот на Општина Велес согласно Законот за локална самоуправа и Законот за вработените во јавниот сектор, има донесено Правилник за систематизација на работните места во општинската администарција бр. 01-2888/1 од 12.06.2018 година за која има писмена согласност од Агенцијата за администрација на Република Македонија бр. 12/6-1199 од 26.06.2018 година. Со влегување во сила на овој Правилник престанал да важи Правилникот за систематизација на работните места во општинската администарција на Општина Велес бр. 01-7383/6 од 29.12.2015 година. Усогласеноста на актите за

систематизација на работните места во Општина Велес со одредбите од Законот за локална самоуправа, Законот за државни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, е потврдена од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Со Правилникот се предвидени потребниот број на извршители, стручната подготовка, работното искуство, како и опис на работни задачи за секое работно место.

Изворите на средства за работење на Општина Велес се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Општина Велес финансиското работење на сметката на основен буџет (637) го врши преку сметка 711014100963715 отворена во рамките на Трезорската сметка.

Овластени лица за располагање со паричните средства на горе наведената сметка на Општина Велес во текот на 2017 година се:

- Славчо Чадиев, градоначалник од 17.04.2013 до 18.10.2017 година и
- Аце Коцевски од 19.10.2017 година

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Основни начела

2.1. Правото на корисниците за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 декември. Сите неплатени обврски од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

2.2. Сите приходи на корисниците и нивните единки корисници, на единиците на локалната самоуправа и на фондовите се искажуваат во нивните буџети.

2.3. Обврските и трошоците се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, а во рамките на проценетите трошоци во нивните буџети.

### Утврдување на приходи и расходи

2.4. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување, во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.5. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**Ограничувања**

2.6. Корисниците на буџетите и единките корисници се должни одобрените средства од Буџетот да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.

2.7. Износите на приходите наведени во годишниот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани.

2.8. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.9. Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

2.10. Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

2.11. Буџетските корисници се должни да водат посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи, поединечно по буџетски корисници, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.12. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

2.13. Буџетските корисници/единките ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски трансакции односно промени, како и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на фискалната година, побарувањата, состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

2.14. Нематеријалните и материјални средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност може да се прикажат групно како ситен инвентар, кој се отпишува еднократно во целина при набавката.

2.15. При проценувањето на нематеријалните и материјални средства, во билансот се внесува износот на неотпишаната вредност на вложувањата, како и износите на набавната и отпишаната вредност.

2.16. Отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишните стапки за отпис на средствата за буџетските корисници/единки корисници.

2.17. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

2.18. Основицата за амортизација се коригира и за дополнителната ревалоризациона вредност на нематеријалните и материјални средства.

2.19. Основица за отпишување на нематеријалните и материјални средства примени без надомест претставува проценетата набавна вредност.

2.20. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејност. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.21. Отпишувањето на нематеријалните и материјални средства може привремено да се прекине за средствата што се оштетени од виша сила, до нивното оспособување за користење.

2.22. Обврската за отпишување не се однесува на следниве нематеријални и материјални средства:

- земјишта и шуми;
- градежни објекти и предметите - споменици на културата, историски споменици, дела на ликовната, вајарската, филмската и друга уметност (освен ако овие објекти не се користат за дејност од која се остваруваат приходи) и книгите во библиотеките;
- патиштата од локално значење со земјена и макадамска подлога, како и објектите кои се нивен составен дел;
- средствата кои трајно се надвор од употреба;
- средства чија употреба не е временски ограничена.

2.23. Амортизација се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите, се додека вредноста на нематеријалните и материјални средства не биде во целост надоместена.

2.24. Еднаш отпишано нематеријално и материјално средство, не може да биде предмет на повторно проценување и отпишување, без оглед на тоа што и натаму истото се користи.

2.25. Изворите на капитални средства со кои располагаат и управуваат корисниците на средства од буџетите ги сочинуваат:

- Државен - јавен капитал;
- Останат капитал (залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност);
- Тековни обврски;
- Долгорочни обврски, и
- Извори на други средства

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Трансфери и донации

Во Билансот на приходи и расходи на сметката на основен буџет (637) на Општина Велес во 2017 година се искажани приходи во износ од 206.406 илјади денари (2016 – 228.622 илјади денари), кои претставуваат трансферирани средства од сметката на основен буџет (630) за финансирање на: платите на вработените во општинската администрација, надоместоците на членовите на Советот на општината, резерви, набавка на стоки и услуги, субвенции и трансфери, социјални бенефиции и капитални расходи.

### 3.2. Тековни расходи

#### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), од средствата кои се обезбедени од сметката на основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- плати и надоместоци, кои опфаќаат: плати на градоначалникот, државните службеници и другите вработени во општинската администрација и персонален данок на плати и надоместоци;
- придонеси за социјално осигурување кои ги опфаќаат придонесите за Пензискиот фонд, Фондот за здравство и Агенцијата за вработување, и
- надоместоци кои ги опфаќаат надоместоците на членовите на советот.

во 000 денари

| Опис | 2016 | 2017 | Буџет 2017 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4-3) |
| Плати и надоместоци | 22.868 | 22.443 | 22.443 | 0 |
| Придонеси за социјално осигурување | 8.130 | 7.936 | 7.936 | 0 |
| Надоместоци | 5.131 | 5.952 | 5.952 | 0 |
| **Вкупно:** | **36.129** | **36.331** | **36.331** | **0** |

### 3.2.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 760 илјади денари (2016 – 1.915 илјади денари), и тоа по основ на тековни резерви (разновидни расходи). Планираните средства во износ од 760 илјади денари се наменети за исплата на парични средства на вработени за лекување и посмртнини за членови на потесното семејство, исплати на физички лица за награди и учество во меѓународни натпревари.

### 3.2.3. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: патни расходи, сместување и споредни расходи за службен пат во земјата и патни расходи и сместување во странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: електрична енергија за улично осветлување и за работните простории, водовод и канализација, течни горива, пошта, фиксни и мобилни телефони, телефакс, други трошоци за комуникација, горива и регистрација на моторни возила во сопственост на општината и транспорт на луѓе;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат набавка на: канцелариски материјали, списанија и весници, прехранбени продукти и пијалаци, средства за одржување на хигиена, материјали за разни поправки, ситен инвентар, други материјали за специјална намена и други материјали;
- поправка и тековно одржување кои опфаќаат: поправка и сервисирање на лесни и товарни возила и поправки на други возила, услуги за обезбедување на објекти, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, одржување на автопати, улици и патишта, одржување на други градби, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поправка и одржување на друга опрема и одржување на други зелени површини;
- договорни услуги кои опфаќаат: банкарска провизија, осигурување на недвижности и права, осигурување на моторни возила, правни услуги, судски вештачења, плаќање на судски такси, други здравствени услуги, испитување на квалитет на водите и воздухот, изработка на просторни и урбанистички планови, услуги за копирање, печатење и издавање, консултантски услуги, надзор над одржување на изградбата и други договорни услуги;
- други тековни расходи, кои опфаќаат: членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи (изнајмување на техничка опрема, озвучување

и осветлување за „Фестивал на питите и виното"2016 и 2017 година, ИФФ, „Баскерфест 2017" и други манифестации, емитување на соопштенија и др.) и

- привремени вработувања.

во 000 денари

| Опис | 2016 | 2017 | Буџет 2017 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4-3) |
| Патни и дневни расходи | 1.375 | 878 | 878 | 0 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 23.838 | 27.688 | 28.486 | 798 |
| Материјали и ситен инвентар | 2.619 | 3.739 | 3.739 | 0 |
| Поправка и тековно одржување | 23.046 | 26.882 | 26.882 | 0 |
| Договорни услуги | 12.396 | 11.547 | 17.044 | 5.497 |
| Други тековни расходи | 10.475 | 11.432 | 11.432 | 0 |
| Привремени вработувања | 7.080 | 8.986 | 8.986 | 0 |
| Вкупно: | 80.829 | 91.152 | 97.447 | 6.295 |

### 3.2.4. Каматни плаќања

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 5 илјади денари (2016 – 69 илјади денари), за исплати на камата врз основа на Договор за под-заем наменет за финансирање на Проектот за подобрување на општински услуги.

### 3.2.5. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- трансфери до невладини организации, кои опфаќаат трансфери до: здруженија на граѓани и фондации, трансфери до спортски клубови и трансфери до политички партии;
- разни трансфери, кои опфаќаат: плаќања по судски решенија, отпремнина за пензионирање и други трансфери за реализација на празнични прослави и манифестации од општински карактер, на општински изборни комисии и избирачки одбори вклучени во локалните избори во 2017 година.

во 000 денари

| Опис | 2016 | 2017 | Буџет 2017 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4-3) |
| Трансфери до невладини организации | 13.394 | 12.576 | 12.576 | 0 |
| Разни трансфери | 7.252 | 14.135 | 14.135 | 0 |
| Вкупно: | 20.646 | 26.711 | 26.711 | 0 |

### 3.2.6. Социјални надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 89 илјади денари (2016 – 571 илјади денари). Планираните средства во износ од 89 илјади денари се наменети за исплата на парична помош за лекување на физички лица.

## 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Велес, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- купување на опрема и машини, што опфаќа купување на: информатичка и видео опрема, купување на друга опрема (пластични канти за отпад) и купување на машини;
- други градежни објекти што опфаќа: изградба на улици и патишта, реконструкција на улици и патишта, реконструкција на капацитети во енергетика, подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти и изградба на други објекти (фекална канализациона мрежа во с. Црнилиште, уредување на излетничко место Бареш ),
- купување на мебел и
- вложување и нефинансиски средства што опфаќа расходи за надомест за одземен имот.

во 000 денари

| Опис | 2016 | 2017 | Буџет 2017 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4-3) |
| Купување на опрема и машини | 5.903 | 3.593 | 3.593 | 0 |
| Други градежни објекти | 70.850 | 36.429 | 36.429 | 0 |
| Купување на мебел | 373 | 243 | 243 | 0 |
| Вложување и нефинансиски средства | 1.240 | 2.795 | 2.795 | 0 |
| Купување на возила | 1.799 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 80.165 | 43.060 | 43.060 | 0 |

### 3.4. Отплата на главнина

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Општина Велес, по основ на отплата на главнина по Договор за под-заем наменет за финансирање на Проектот за подобрување на општински услуги. Трошоците по овој основ во 2017 година изнесуваат 8.298 илјади денари (2016 година – 8.297 илјади денари).

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции

Краткорочните финансиски побарувања на крајот на 2017 година се во износ од 4 илјади денари (2016 година – 17 илјади денари), а се однесуваат на дадени аванси во 2013 година на правно и физичко лице.

#### 4.1.2. Побарувања од вработените

На крајот на 2017 година краткорочните побарувања од вработените се во износ од 16 илјади денари (2016 година - 51 илјади денари), а се однесуваат на побарувања од 2016 и 2017 година од вработени за даден аванс за патни расходи во странство, патарини и за виза бизнис картичка.

#### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 121.374 илјади денари (2016 година – 108.464 илјади денари) и е усогласена со салдото искажано на позициите Краткорочни обврски спрема добавувачи, Краткорочни финансиски обврски,

Финансиски и пресметковни односи, Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените.

## 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Нематеријални средства

На оваа позиција на крајот од 2017 година искажано е салдо 4.325 илјади денари (2016 година – 3.389 илјади денари) на која е евидентирана вредноста на компјутерскиот софтвер и лиценци за истиот.

### 4.2.2. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на вредноста на градежни објекти и целокупната опрема која во смисла на законските прописи ја претставува сегашната вредност добиена како разлика помеѓу набавната вредност и исправката на вредноста.
Сегашната вредност на материјалните средства на Општина Велес на крајот на 2017 година изнесува 699.579 илјади денари, со прифатени исправки во текот на ревизијата (2016 година – 668.990 илјади денари) и е усогласена со проценетата состојба на позицијата Извори на капитални средства.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| Опис | Применети стапки во 2017 (во %) |
|---|---|
| Градежни објекти | 1, 3 и 4 |
| Компјутери | 20 и 50 |
| Опрема и мебел | 12, 14 и 16 |
| Возила | 14 и 15 |

во 000 ден.

| Опис | Градежни објекти | Опрема | Други материјални средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 6 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2017 | 809.490 | 120.730 | | 930.220 |
| Набавки во текот на годината | 49.595 | 5.716 | | 55.311 |
| Ревалоризација | 12.322 | 1.645 | | 13.967 |
| **Вкупни зголемувања:** | 61.917 | 7.361 | - | 69.278 |
| Расодувања | | 11.808 | | 11.808 |
| Останати намалувања | 8.478 | 299 | | 8.777 |
| **Вкупно намалување** | 8.478 | 12.107 | - | 20.585 |
| **Состојба на ден 31. Декември 2017** | 862.929 | 115.984 | - | 978.913 |
| **Исправка на вредноста** | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2017 | 192.743 | 68.487 | | 261.230 |
| Амортизација за тековната година | 19.670 | 4.927 | | 24.597 |
| Ревалоризација | 3161 | 952 | | 4.113 |
| Останати намалувања | | 752 | | 752 |
| Кусок по попис | | | | - |
| Исправка на вредност во тек на ревизија | | | | |
| **Состојба на ден 31.Декември 2017** | 215.574 | 63.760 | - | 279.334 |
| **Неотпишана вредност на постојаните средства 31.12.2017** | 647.355 | 52.224 | - | 699.579 |
| **Неотпишана вредност на постојаните средства 31.12.20016** | 616.747 | 52.243 | - | 668.990 |

## 4.2.3. Материјални средства во подготовка

Оваа позиција е проценета во висина 242.755 илјади денари, со прифатени исправки во текот на ревизијата (2016 година – 224.607 илјади денари) и е усогласена со дел од позиција Пасивни временски разграничувања, а се однесува на вложувања во тампонирање на улици, санација на ударни дупки, изградба на детски игралишта, уредување на зелени површини, реконструкција и санација на улици, фекални канализациони мрежи.

#### 4.2.4. Долгорочни кредити и заеми

Оваа позиција е проценета во висина на вредноста на долгорочните кредити и заеми во износ од 37.339 илјади денари (2016 година – 45.636 илјади денари).

ПАСИВА

### 4.3. Тековни обврски

#### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачите

Оваа позиција е проценета во висина на евидентираните, а неисплатени обврски спрема добавувачите и добавувачите – граѓани во земјата во износ од 118.562 илјади денари (2016 година - 105.524 илјади денари).

#### 4.3.2. Краткорочни финансиски обврски

Оваа позиција е проценета во висина на пресметаните, а неисплатени обврски спрема работниците во износ од 23 илјади денари (2016 година - 22 илјади денари).

#### 4.3.3. Финансиски и пресметковни односи

Оваа позиција е проценета во износ од 40 илјади денари (2016 година – 0 денари) и се однесуваат за обврски по договор за асигнација.

#### 4.3.4. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во висина на обврските за пресметани, а неисплатени краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените за месец декември 2017 година во вкупен износ од 2.750 илјади денари (2016 година – 2.906 илјади денари).

#### 4.3.5. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 242.773 илјади денари, со прифатени исправки во текот на ревизијата (2016 година – 224.674 илјади денари), и е усогласена со состојбата искажана на позициите Материјални средства во подготовка, Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции и Побарувања од вработените.

### 4.4. Долгорочни обврски

Оваа позиција на 31.12.2017 година е проценета во висина на номиналната вредност на долгорочните обврски во износ од 37.339 илјади денари (2016 година – 45.636 илјади денари) и ја опфаќа обврската за отплата на кредит од Меѓународна банка

за обнова и развој наменет за финансирање на Проектот за подобрување на општински услуги, согласно Договор за под-заем со Министерството за финансии.

## 4.5. Извори на средства

### 4.5.1. Извори на капитални средства

Оваа позиција на 31.12.2017 година е проценета во висина на номиналната вредност на изворите на капиталните средства во износ од 703.905 илјади денари, со прифатени исправки во текот на ревизијата (2016 година – 672.380 илјади денари) и ја опфаќа набавната вредност на нематеријалните и материјалните средства зголемени за новонабавени средства и намалени за износот на пресметаната амортизација.

**Прилог бр. 1**
**Преглед на извршени набавки во Општина Велес**
**за кои нема спроведено постапка за јавна набавка**

| | Извршена набавка/услуга | Износ (000 ден) | Добавувач |
|---|---|---|---|
| 1 | услуги од авторска агенција како застапник на учесници на манифестацијата „Фестивал на питите и виното“ | 101 | „Македонска авторска агенција“ |
| 2 | услуги од авторска агенција преку која е ангажирано физичко лице за расчистување на објекти склони кон паѓање | 145 | „Патентцентар-консалтинг“ |
| 3 | услуги за организирање на манифестацијата „Баскер фест“ | 118 | „Темов ФШТ“ |
| 4 | угостителски услуги-пијалоци за манифестацијата „ Фестивал на питите и виното “ | 221 | „Инбокс – каффе бар“ |
| 5 | поштенски услуги | 474 | „ АД Македонски пошти“ |
| 6 | услуги за фиксна телефонија | 403 | „ АД Македонски телеком“ |
| 7 | услуги за интернет | 53 | „ НЕОТЕЛ“ |
| | Вкупно | 1.515 | |